МЕПСО

Бр.-Nr. 05-1883
24.03 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница СЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

**До**

**Управен Одбор на АД МЕПСО**

**Службеник за усогласеност**

**Предмет: Консолидиран Годишен финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО за 2025 година**

Почитувани,

Во прилог на дописот Ви доставуваме на разгледување и усвојување, Консолидиран Годишен финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО за 2025 година.

Изработиле:
**Служба за финансова оператива**
Мирослав Саздовски

**Раководител на Служба за финансова оператива**
Андријана Касапоски Смилева

**Раководител на Оддел за финансии**
Ивана Цветковска

**Координатор на Сектор за финансиски работи**
Ленче Темелкова

**Директор на Сектор за финансиски работи**
Анастасија Илиеска

**Претседател на Управен Одбор**
doc. d-r Burim Latifi

**Ко:**
- Кабинет на ГД
- Кабинет на СФР
- Служба за финансова оператива
- Оддел за правни работи
- Архива

МЕПСО

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

Бр.-Nr. 05-1883/1

24.03 2026 год.-viti

СКОПЈЕ - SHKUP



# Консолидиран Годишен финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО во 2025 година

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ........................................................................................................ 3
ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ..................................................................................... 4
ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ ...................................................................................... 5
КОНСОЛИДИРАН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ - ДОБИВКА ........................................ 7
ПРЕНЕСЕНА КОЛИЧИНА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И РЕГУЛИРАНА ТАРИФА....... 7
РЕЗИМЕ ...................................................................................................... 8

# ВОВЕД

АД МЕПСО е компанија во целосна државна сопственост, која е формирана во 2005 година, со трансформација на Електростопанство на Македонија. Основна дејност на АД МЕПСО е непречен пренос на електрична енергија низ високонапонската мрежа и редовен навремен ток на електрична енергија до своите клиенти: директните потрошувачи и до дистрибутивните мрежи на АД ЕВН Македонија и ЕСМ Енергетика.

Основните функции на АД МЕПСО се пренос на електрична енергија и управување со електропреносниот систем. АД МЕПСО е одговорен за редовен пренос на електрична енергија од македонската граница до дистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија и директните потрошувачи, исто така го организира и диспечира транзитот на електрична енергија, а воедно се грижи и за балансирањето на електроенергетскиот систем.

АД МЕПСО врши целосно, навремено и постојано остварување на јавниот интерес - навремен и стабилен пренос на електрична енергија низ високонапонската мрежа, а воедно обезбедува управување со доверлив и стабилен електро - енергетски систем.

АД МЕПСО Скопје со состојба на 31.12.2025 година има вложувања во македонскиот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје, основна главнина, запишан и уплатен капитал во вкупен износ од 115.743.000 денари.

Со одвојувањето на МЕМО ДООЕЛ Скопје, како посебен правен субјект од 01 октомври 2019 година, Националниот оператор на пазар на електрична енергија води посебна евиденција за сите финансиски и останати деловни активности од своето работење, ги евидентира приходите од регулираната енергетска дејност пазар, приходите и расходите од повластените производители на електрична енергија, како и останатите приходи и расходи, плати, амортизација и сл.

Согласно Одлуката на Владата на РСМ донесена во септември 2020 година, МЕМО се назначува за Оператор на организираниот пазар на електрична енергија, при што следуваат активности за исполнување на потребните технички услови со цел воспоставување и започнување со организираниот пазар на електрична енергија во РСМ. Согласно Законот за енергетика од 2018 година и со либерализацијата на пазарот на електрична енергија, во месец мај од 2023 година стартуваше со работа македонската берза на електрична енергија, со основ на цел да се добијат референтни цени и релевантни цени за потрошувачите во нашата земја.

Консолидираниот годишен финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО за 2025 година ги содржи остварените деловни и финансиски податоци за работењето на електропреносниот систем оператор - АД МЕПСО за тековната 2025 година и остварените деловни и финансиски податоци од работењето во 2025 година на Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје.

# ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ

Во Консолидираниот Биланс на успех (Извештај за добивка или загуба) за 2025 година на АД МЕПСО од Друштвото кое е консолидирано, дополнително се евидентирани приходи на износ од 11.553.176 илјади денари, така што вкупните приходи на АД МЕПСО во Билансот на успех од 7.138.213 илјади денари во консолидираниот биланс имаат зголемување и изнесуваат 18.477.262 илјади денари.

Имено, во деловната 2025 година во консолидираниот Биланс на успех на АД МЕПСО остварените вкупни приходи во висина од 18.477.262 илјади денари или 300,44 милиони евра, се резултат на остварените приходи на АД МЕПСО на износ од 7.138.213 илјади денари односно 116,07 милиони евра и остварените приходи од МЕМО ДООЕЛ - Скопје во висина од 11.553.176 илјади денари (187,86 милиони евра).

Од остварените приходи најзначаен е приходот од основната, регулирана дејност пренос на електрична енергија, кој изнесува 1.897.708 илјади денари односно 30,86 милиони евра, приходот од пазарот на електрична енергија е остварен во вредност од 101.091 илјади денари или 1,64 милиони евра, приходот од алокација на прекуграничните преносни капацитети е остварен во вредност од 2.154.227 илјади денари односно 35,03 милиони евра, додека приходите од продажбата на електрична енергија набавена од повластените производители изнесуваат 2.746.920 илјади денари или 44,67 милиони евра. Како најголеми приходи се издвојуваат приходите од продажба на електричната енергија на берза во вредност од 8.604.451 илјади денари односно 139,91 милиони евра.

Во останатите повисоки реализирани приходи во 2025 година учествуваат и приходите од балансирањето на износ од 1.657.206 илјади денари или 26,95 милиони евра, приходи од компензација Fskar на износ од 710.749 илјади денари (11,56 милиони евра), приходите од дебаланс 60.675 илјади денари или 0,99 милиони евра, а сите останати приходи (транзит, грант, камати, приклучоци, приходи од надомест на штети, приходи од поранешни години и приходи по други основи) изнесуваат 544.234 или 8,85 милиони евра.

Остварените консолидирани вкупни приходи во 2025 година на износ од 18.477.261 илјади денари или 300,44 милиони евра бележат зголемување од 23% во однос од остварените консолидирани вкупни приходи во 2024 година на износ од 15.025.901 илјади денари (244,32 милиони евра) или се повисоки за 3.451.361 илјади денари или 56,12 милиони евра.

Имено, реализираните приходи од регулираните енергетски дејности од 1.998.799 илјади денари во 2025 година бележат зголемување од 8% или 152.467 илјади денари, компарирајќи ги со остварените од минатата година во висина од 1.846.332 илјади денари. Приходите од регулираните енергетски дејности бележат пораст, пред се, поради зголемената регулирана просечна тарифа за пренос и корегираната просечна тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија.

Регулираната просечна тарифа за пренос во деловната 2025 година изнесува 0,3103 ден/kWh и е зголемена за 5,72% во однос на претходната 0,2935 ден/kWh. Просечната тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија во 2025 година изнесуваше 0,0146 ден/kWh, односно е зголемена за 19,67% во однос на претходната важечка тарифа за пазар од 0,0122 ден/kWh.

Исто така и пренесените количини на електрична енергија во 2025 година од 5.962 GWh се за 67 GWh повисоки во однос на пренесените количини од 5.895 GWh во 2024 година.

Во анализираната 2025 година споредено со минатата година, зголемување од 10% бележат приходите од системските услуги или балансната енергија. Евидентиран е износ на средства по основ на дебаланс пазар од 60.675 илјади денари, а минатата година беа евидентирани приходи по тој основ во висина од 47.656 илјади денари, што значи има зголемување од 27%. Повисоки се и приходите од компензација Fskar за 49%. Приходите по основ на доделување на прекуграничните пренос ни капацитети, алокација се скоро идентични како и минатата година, додека намалени се приходите по основ на балансирање за 5%.

Исто така, зголемување бележат и приходите од продажбата на електрична енергија набавена од повластените производители кои изнесуваат 2.746.920 илјади денари или 44,67 милиони евра, т.е се зголемени за 10% во однос на минатогодишните остварувања на износ од 2.493.486 илјади денари или 40,54 милиони евра. Пораст бележат и приходите по основ на продажба на електрична енергија на берза за 46% или за 2.704.307 илјади денари односно 43,97 милиони евра.




# ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ

Во Консолидираниот Биланс на успех (Извештај за добивка или загуба) од Друштвото кое се консолидира дополнително се евидентирани трошоци од работењето со што вкупните расходи на АД МЕПСО во Билансот на успех од 5.795.638 илјади денари во консолидираниот биланс имаат зголемување од 11.504.160 илјади денари односно изнесуваат 17.085.670 илјади денари.

Во деловната 2025 година, во консолидираниот Биланс на успех на АД МЕПСО, вкупните расходи во висина од 17.085.670 илјади денари или 277,82 милиони евра ги содржат расходите на АД МЕПСО на износ од 5.795.638 илјади денари (94,24 милиони евра) и остварените расходи во МЕМО ДООЕЛ Скопје, во вредност од 11.504.160 илјади денари односно 187,06 милиони евра.

Остварените консолидирани вкупни расходи во 2025 година на износ од 17.085.670 илјади денари или 277,82 милиони евра бележат зголемување од 18% во однос од остварените консолидирани вкупни расходи во 2024 година на износ од 14.461.500 илјади денари (235,15 милиони евра) или се повисоки за 2.624.170 илјади денари односно 42,67 милиони евра.

Во консолидираниот биланс на успех, поголеми ставки на расходи претставуваат амортизацијата на износ од 505.110 илјади денари или 8,21 милиони евра, трошоците за балансен капацитет во вредност од 672.791 илјади денари односно 10,94 милиони евра, трошоци за балансна енергија во вредност од 859.999 илјади денари или 13,98 милиони евра, трошоците за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во преносната мрежа на износ од 717.151 илјади денари или 12,50 милиони евра, трошоците за бруто плати на износ од 768.828 илјади денари или 11,66 милиони евра, трошоците за алокација на прекугранични преносни капацитети на износ од 457.282 илјади денари (7,44 милиони евра), како и трошоците за набавка на електрична енергија од повластените производители во износ од 2.651.466 илјади денари односно 43,11 милиони евра.

Трошоците за набавка на електрична енергија од берза се во вредност од 8.604.451 илјади денари или 139,91 милиони евра.

Расходите за ITC механизам се во висина од 74.660 илјади денари или 1,21 милиони евра, компензација - Fskar механизам во вредност од 831.199 илјади денари (13,52 милиони евра), како и трошоците за отстапувања на БОС во износ од 386.261 илјади денари односно 6,28 милиони евра.

Исто така значајни се и трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар кои се реализираа на износ од 48.601 илјади денари или 0,79 милиони евра, трошоците за сопствена потрошувачка во висина од 38.906 илјади денари или 0,63 милиони евра, инвестиционото и тековното одржување во висина од 66.450 илјади денари или 1,08 милиони евра, премиите за осигурување се остварени во износ од 38.482 илјади денари или 0,63 милиони евра, вкупните обврски за камати по кредити и добавувачи изнесуваат 62.211 илјади денари (1,01 милиони евра), трошоци за изгубени спорови 174 илјади денари и порамнување на отстапување дебаланс во вредност 156.912 илјади денари односно 2,55 милиони евра.

Останатите материјални и нематеријални трошоци, на износ од 228.912 илјади денари или 3,72 милиони евра ги вклучуваат трошоците за транспортни услуги, банкарските услуги, трошоците на платниот промет, дневници за службени патувања во земјата и странство, патните трошоци, трошоците за стручно образование и технолошко усовршување, интелектуалните услуги како и трошоците за пропаганда, промоции, реклама, репрезентација, трошоци за вработените, даноци кои не зависат од резултат и сл.



# КОНСОЛИДИРАН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ - ДОБИВКА

Во 2025 година АД МЕПСО оствари консолидиран вкупен приход во висина од 18.477.261 илјади денари и консолидиран вкупен расход на износ од 17.085.670 илјади денари и консолидирана добивка во висина од 1.391.591 илјади денари.

АД МЕПСО - електропреносниот систем оператор, оваа година, оствари вкупен приход во висина од 7.138.213 илјади денари, вкупен расход во износ од 5.795.638 илјади денари и добивка од редовното работење во висина од 1.342.575 илјади денари.

Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ - Скопје во истата година оствари вкупни приходи на износ од 11.553.176 илјади денари и вкупни расходи во висина од 11.504.160 илјади денари односно добивка од редовното работење - 49.016 илјади денари.

Поради тоа, консолидирано АД МЕПСО оствари позитивен финансиски резултат од редовното работење во висина од 1.391.591 илјади денари (добивка пред оданочување) или 22.627.512 евра.




# ПРЕНЕСЕНА КОЛИЧИНА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И РЕГУЛИРАНА ТАРИФА

Вкупно пренесените количи ни на електрична енергија од 5.962 GWh во 2025 година се за 67 GWh повиосоки со пренесените количини на електрична енергија од 5.895 GWh минатата година.

Регулираната просечна тарифа за услугата пренос на електрична енергија одобрена од Регулаторната комисија за енергетика (РКЕВУ) од 01.01 до 31.12.2025 година изнесуваше 0,3103 ден/kWh, односно е зголемена за 5,72% во однос на претходно важечката која изнесувше 0,2935 ден/kWh.

Регулираната просечна тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија одобрена од РКЕВУ од 01.01 - 31.12.2025 година изнесуваше 0,0146 ден/kWh, односно е зголемена за 19,67% во однос на претходно важешката од 0,0122 ден/kWh.

# РЕЗИМЕ

Во консолидираните финансиски извештаи на АД МЕПСО за периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година остварени се вкупни приходи во висина од 18.477.261 илјади денари или 300,44 милиони евра, што е за 23% повеќе споредено со остварените Консолидирани вкупни приходи од минатата година во висина од 15.025.900 илјади денари односно 244,32 милиони евра.

Консолидираните вкупни расходи во анализираната 2025 година изнесуваат 17.085.670 илјади денари (277,82 милиони евра), што значи дека се 18% повисоки споредено со остварените Консолидирани вкупни расходи во 2024 година на износ од 14.461.500 илјади денари (235,15 милиони евра).

- Во 2025 година АД МЕПСО оствари консолидиран позитивен финансиски резултат - добивка пред оданочување од 1.391.591 илјади денари или 22,63 милиони евра.
- Во 2024 година АД МЕПСО оствари консолидиран позитивен финансиски резултат - добивка пред оданочување од 564.400 илјади денари или 9,18 милиони евра.

| Консолидирани приходи и расходи - трошоци на АД МЕПСО | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | | 2025 | | 2025 - 2024 | | |
| | 000 ден | EUR | 000 ден | EUR | 000 ден | EUR | INDEX |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 (4-2) | 7 (5-3) | 8 (4/2) |
| ПРИХОДИ | 15.025.900 | 244.323.577 | 18.477.261 | 300.443.268 | 3.451.361 | 56.119.691 | 123% |
| РАСХОДИ | 14.461.500 | 235.146.341 | 17.085.670 | 277.815.772 | 2.624.170 | 42.669.431 | 118% |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **564.400** | **9.177.236** | **1.391.591** | **22.627.496** | **827.191** | **13.450.260** | 247% |

Во Годишната сметка на АД МЕПСО Скопје за 2025 година, остварени се следните финансиски резултати искажани во табелата подолу:

| Консолидирани приходи и расходи - трошоци на АД МЕПСО за 2025 година (остварување) | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | АД МЕПСО | | МЕМО ДООЕЛ | | Нетирање | | АД МЕПСО консолидирано | |
| | 000 ден | EUR | 000 ден | EUR | 000 ден | EUR | 000 ден | EUR |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8=(2+4)-6 | 9=(3+5)-7 |
| ПРИХОДИ | 7.138.213 | 116.068.520 | 11.553.176 | 187.856.520 | 214.128 | 3.481.756 | 18.477.261 | 300.443.284 |
| РАСХОДИ | 5.795.638 | 94.238.016 | 11.504.160 | 187.059.512 | 214.128 | 3.481.756 | 17.085.670 | 277.815.772 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **1.342.575** | **21.830.504** | **49.016** | **797.008** | | | 1.391.591 | **22.627.512** |

АД МЕПСО Консолидирана вкупните приходи и расходи ги добива со намалување на нетирана сума, која произлегува од елиминација на меѓусебните побарувања, односно обврски.

**Прилог:**

- Табела бр. 1 - Приходи и расходи од финансиското работење на АД МЕПСО за 2025 година (консолидирана)
- Табела бр. 1а - Приходи и расходи од финансиското работење на АД МЕПСО за 2024 и 2025 година (консолидирана)
- Табела бр. 2 - Биланс на состојба на АД МЕПСО за 2025 година (консолидирана)

Изработиле:

**Служба за финансова оператива**
Мирослав Саздовски

**Раководител на Служба за финансова оператива**
Андријана Касапоски Смилева

**Раководител на Оддел за финансии**
Ивана Цветковска

**Координатор на Сектор за финансиски работи**
Ленче Темелкова

**Директор на Сектор за финансиски работи**
Анастасија Илиеска

**Претседател на Управен Одбор**
doc. d-r Burim Latifi

| Биланс на состојба - Извештај за финансиската состојба на КОНСОЛИДИРАНА АД МЕПСО на 31.12.2025 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | елементи | МЕПСО 2025 - 000 ден | МЕПСО 2024 - 000 ден | INDEX |
| | АКТИВА | | | |
| А | **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА)** | **9.323.037** | **8.882.746** | **105%** |
| 1 | **Нематеријални средства** | **77.097** | **34.019** | **227%** |
| | издатоци за истражувања и развој | - | - | |
| | концесии, патенти, лиценци, заштитни знаци и др. | 44.778 | 1.699 | |
| | нематеријални средства во подготовка | 32.300 | 32.320 | 100% |
| 2 | **Материјални средства** | **9.239.031** | **8.841.818** | **104%** |
| | **Недвижности (а+б)** | **3.934.413** | **3.895.337** | **101%** |
| а | Земјишта и шуми | 45.879 | 40.729 | 113% |
| б | Градежни објекти | 3.888.534 | 3.854.608 | 101% |
| | Постројки и опрема | 2.968.626 | 1.805.886 | 164% |
| | Транспортни средства | 23.657 | 40.869 | 58% |
| | Алат, погон и канц. и инвент. мебел | 193.926 | 113.566 | 171% |
| | Аванси за материјални средства | 192.737 | 427.126 | 45% |
| | Материјални средства во подготовка | 1.924.656 | 2.558.019 | 75% |
| | Останати Материјални средства | 1.015 | 1.015 | 100% |
| 3 | **Вложувања во недвижности** | - | - | |
| 4 | **Долгорочни финансиски средства** | **6.909** | **6.909** | **100%** |
| | Вложувања во подружници | - | - | |
| | влож. во придр. друштва и учество во заед. влож | 6.909 | 6.909 | 100% |
| | вложувања во долг. хартии од вредност | - | - | |
| а | влож. Во картии од вредност кои се чуваат до досп. | - | - | |
| б | влож. во хартии од вред. располож. за продажба | - | - | |
| | Останати долг. фин. средства | - | - | |
| 5 | **Долгорочни побарувања** | - | - | |
| 6 | **Одложени даночни средства** | - | - | |
| Б | **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (обртни средства)** | **6.147.426** | **4.837.577** | **127%** |
| 1 | Залихи | 45.879 | 46.704 | 98% |
| | На суровини и материјали | 8.294 | 9.109 | 91% |
| | На рез. делови, ситен инв. абалажа и автогуми | 37.585 | 37.595 | 100% |
| 2 | **Средства за отуѓ. Наменети за прод, и прек** | - | - | |
| 3 | **Краткорочни побарувања** | **2.710.706** | **2.405.018** | 113% |
| | Побарувања од поврзани субјекти | - | - | |
| | Побарувања од купувачите | 2.641.356 | 2.361.749 | 112% |
| | Побарувања од дадени аванси | 7.815 | 7.757 | 101% |
| | Побар. од држ. по основ на даноци, царини | 61.072 | 35.158 | 174% |
| | Побарувања од вработените | 462 | 354 | 131% |
| | Останати краткорочни побарувања | - | - | |
| 4 | **Краткорочни финансиски средства** | 626.275 | **573.832** | **109%** |
| | Побарувања по дадени заеми | 626.175 | 573.732 | 109% |
| | Останати краткорочни побарувања | 100 | 100 | 100% |
| 5 | **Парични средства и парични еквив.** | **2.764.567** | **1.812.023** | **153%** |
| 8 | **Платени трошоци за идни приходи и пресм. прихо** | **131.657** | 555.334 | **24%** |
| | **ВКУПНА АКТИВА (А+Б+В)** | **15.602.120** | **14.275.657** | **109%** |
| | ВОНБИЛАСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА | 7.795 | 7.795 | |
| | **ПАСИВА** | | | |
| А | **ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ** | **10.738.406** | **9.508.888** | **113%** |
| I | **Основна главнина** | **3.356.310** | **3.356.310** | **100%** |
| II | Премии за емитирани акции | - | - | |
| III | Сопствени акции | - | - | |
| IV | Запишан неплатен капитал | - | - | |
| V | **Рез. резерва и разлики од вред. на ком. сеопф** | **4.285** | **60.903** | **7%** |
| VI | **Резерви** | **3.363.539** | **3.290.419** | **102%** |
| 1 | Законски резерви | 408.387 | 365.591 | 112% |
| 2 | Статуарни резерви | - | - | |
| 3 | Останати резерви | 2.955.153 | 2.924.829 | 101% |
| VII | Акумулирана добивка | 2.766.940 | 2.295.829 | 121% |
| VIII | Пренесена добивка | - | - | |
| IX | Добивка за деловната година | 1.247.332 | 505.427 | 247% |
| X | Загуба за деловната година | - | - | |
| XI | Главнина на сопствениците на матичното друштво | - | - | |
| XII | Неконтриолирано учество | - | - | |
| Б | **ОБВРСКИ** | **3.434.897** | **3.208.014** | **107%** |
| I | **Долгорочни резервирања за ризици и трошоци** | **9.728** | - | |
| II | **Долгорочни обврски** | **1.199.391** | **1.250.399** | 96% |
| | Обврски за аванси, депозити и кауции | - | - | |
| | Обврски по основ на заеми и кредити | 1.199.391 | 1.250.399 | 96% |
| III | **Одложени даночни обврски** | - | - | |
| IV | **Краткорочни обврски** | **2.225.777** | **1.957.615** | **114%** |
| 1 | Обврски спрема поврзани друштва | - | - | |
| 2 | Обврски спрема добавувачи | 779.750 | 860.279 | 91% |
| 3 | Обврски за аванси, депозити и кауции | 1.002.704 | 736.585 | 136% |
| 4 | Обврски за даноци и придонеси на плата и надом. | - | - | |
| 5 | Обврски кон вработените | 13 | - | |
| 6 | Тековни даночни обврски | 51.278 | 7.604 | 674% |
| 7 | Краткорочни резервирања за ризици и трошоци | - | - | |
| 8 | Обврски по основ на заеми и кредити | 388.910 | 349.777 | 111% |
| 9 | Останати обврски | 3.123 | 3.370 | 93% |
| В | **ОДЛОЖЕНИ ПЛАЌАЊА НА РИЗИЦИ И ТРОШОЦИ** | **1.428.817** | **1.558.755** | **92%** |
| | **Обврски по основ на нетековни средства** | | - | |
| | **ВКУПНА ПАСИВА (А+Б+В)** | **15.602.120** | **14.275.657** | **109%** |
| | ВОНБАЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - ПАСИВА | 7.795 | 7.795 | |